Нов/20

Република Македонија
Влада на Република Македоиија

**МИНИСТЕР БЕЗ РЕСОР НЕЖДЕТ МУСТАФА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**

**ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Име на материјалот:
Акциски план од одржаниот работен состанок за инклузија на Ромите и Ромите бегалци

**ЕПП бр.** _________ (Број на материјалот од Програмата за усвојување на правото на ЕУ)

**Усогласеност со Годишната програма на Владата:**
Согласно Годишната програма за работа на Владата, материјалот не е со висок приоритет и не е поврзан со стратешките приоритети

**Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата:**

**ДА** ДЕЛУМНО НЕ

**Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:**
Прва наредна седница

**Карактер на материјалот:**
- **слободен пристап**
- ограничена употреба
- класифицирана информација (државна тајна, строго доверливо, доверливо, интерно);

**Итност на материјалот:**
Материјалот не е од итен карактер

**Прилог:**

- Образец за проценка на фискалните импликации
- Мислења

**Дата на доставување на материјалот: --**
__.__.2011 година

**ПОТПИС:Министер без ресор**

**Министер за труд и социјална политика**

**Влада на Република Македонија**

**Кабинет на министер без ресор Неждет Мустафа**
**и**
**Министерство за труд и социјална политика**

# *М Е М О Р А Н Д У М*

НАСЛОВ: Акциски план од одржаниот работен состанок за инклузија на Ромите и Ромите бегалци

**ПОТПИС:**

Министер без ресор Неждет Мустафа

Министер за труд и социјална политика Спиро Ристовски

**Октомври, 2011**

**1.Осврт по материјалот:**
Согласно заклучокот од 5-тата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 17.08.2011 година, овој материјал има за цел да ја информира Владата за препораките и заклучоците од одржаниот работен состанокот за инклузија на Ромите и Ромите бегалци.

**2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):**
Информацијата содржи акциски план на активности планирани да се реализираат како резултат на препораките од работниот состанок.

**3. Резултати од извршените консултацин со ресорните министерства, другите органи на државната управа и органнзации:**

**4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош:**
ДА **НЕ**

**Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош:** ДА
**НЕ**

**5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог)**

Нема потреба

**6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори):**

Нема потреба

**7. Решение кое се препорачува (со образложение):**
Владата да ја разгледа и усвои Информацијата за акцискиот план од одржувањето на работниот состанок за вклучување на Ромите и Ромите бегалци и заклучоците содражани во истата.

**8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:**

Има

**9. Очекувани влијанија:**
Зголемување на информираноста за работниот состанок за Роми.

**10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:**
**ДА** НЕ

**11. Клучни елементи за информирање на јавноста:**

## Вовед

Одржувањето на работниот состанок беше иницирн од страна на Генералниот директорат за проширување при Европската комисија, како дел од низата состаноци од ваков тип во регионот. Целта на иницираните состаноци е покренување на прашања од областа на инклузија на Ромите вон досегашната утврдена пракса на нивно дискутирање во рамките на оперативните тела на Комитетот за стабилизација и асоцијација (поткомитетите за одделни подрачја и области) и ИПА програмирањето.

Состанокот насловен како "Инклузија на Ромите и Ромите бегалци" бил организиран во тесна соработка меѓу Делегацијата на Европската унија во Македонија, Кабинетот на министерот без ресор Неждет Мустафа, Секретаријатот за европски прашања и Одделението за имплементација на Декадата и Стратегијата за Роми при Министерството за труд и социјална политика.

**Дискутирани точки:**

Во рамките на политиките кои се имплементираат за инклузија на Ромите и Ромите бегалци како теми на кои се дискутираше беа издвоени областите:

- вработување
- домување/инфраструктура
- лица без лични документи
- образование

Во рамките на секоја од сесиите имаше излагање на националните и локалните власти по однос на спроведените мерки за промовирање на општествената инклузија на Ромите и Ромите бегалци по што следеше излагање на претставниците на меѓународната заедница и локалните граѓански организации за активностите кои тие ги спроведуваат на терен за промовирање и подобрување на инклузијата на Ромите и Ромите бегалци и нивното видување за спроведувањето на владините политики за инклузија на истите.

Имајќи ги предвид постоечките отворени прашања во областите, а кои се неминовно дел од областите издвоени за дискусија и кои се дел од забелешките и констатациите содржани во Годишните Извештаи на Европската комисија за напредокот на Република Македонија во процесот на пристапување кон ЕУ, укажувања и преземени обврски од состаноците на Поткомитетите формирани во Спогодбата за стабилизација и асоцијација како и препораки кои се добиваат во рамки на проекти или

состаноци од соодветните области на состанокот беа земени во предвид сите напредоци кои се постигнати во одделни области.

Во насока на успешно следење на реализацијата на програмите за Роми и Роми бегалци, на работниот состанок беше истакнато потребата од превземање на значајни чекори во создавањето на институции,законска регулатива и стратегии со цел подобрување на социо-економската положба на Ромите и нивно подобро вклучување во општеството. Воедно, се напомена потребата од демонстрирање на посилна политичка посветеност со цел да се осигура дека стратегиите преминуваат во акции, особено со распределба на соодветни финансиски ресурси. За таа цел, дополнителни државни средства треба да бидат распределени за имплементацијата на постоечките стратегии и акциони планови.

Дополнително нагласено беше имплементацијата на постоечките стратегии и акциони планови ќе се подобри со ефективно известување, мониторинг и механизми на евалуација. Моментално, механизмите за мониторинг и евалуација страдаат од отсуство на официјални податоци за Ромите. Со соработка меѓу сите релавантни државни институции предводени од Државниот завод за статистика треба да се основа систем за да се соберат официјални податоци. Административните капацитети, координацијата и комуникацијата меѓу институциите кои се задолжени за политиките за Ромите треба да се подобри. Исто така, работата на Националното координативно тело и Советодавното тело треба да се активира. Потребни се повеќе ефективни информации и теренски кампањи за постоечките стратегии и акциони планови да ја подигнат свеста помеѓу Ромската заедница. Ромските информативни центри треба да одиграат клучна улога во информирањето на целната група за постоечките политики. Оттука беше покренето прашањето за потребата од замена на нивниот статус на проект (вклучувајќи го и статусот на персоналот) треба да се замени со постојана позиција во јавната администрација и нивните човечки и финансиски капацитети треба да се зголемат.

Со цел да се обезбеди соодветно следење на работниот состанок, секои шест месеци треба да се организираат координативни состаноци спојувајќи ги сите релевантни чинители (авторитети, меѓународната заедница , НВО ). Така, напредувањето ќе може да се разгледа и ќе може да им се пристапи на предизвиците и да се обезбеди континуирана евалуација на активностите за инклузија на Ромите.

*  *  *

Врз основа на информацијата за Акцискиот план од одржаниот работен состанок за инклузија на Ромите и Ромите бегалци, предлагаме Владата на Република Македонија да ги донесе следниве заклучоци:

1. Владата на Република Македонија ја разгледа и усвои информацијата за Акцискиот план од одржаниот работен состанок за инклузија на Ромите и Ромите бегалци и препораките и заклучоците од работниот состанок.
2. Се задолжуваат ресорните министерства надлежни за имплементација на предвидените активности во акцискиот план, да планираат соодветни буџетски алокации за реализација на истите.
3. Се задолжуваат ресорните министерства за реализираните активности предвидени во акцискиот план ресорните министерства на секои 3 (три) месеци да поднесат извештај до Кабинетот на министерот без ресор Неждет Мустафа, кој ќе подготви и достави информација за седница на Влада, во соработка со Министерството за труд и социјална работа и Секретаријатот за европски прашања.
4. Се задолжуваат Кабинетот на министерот без ресор Неждет Мустафа, Министерството за труд и социјална политика и Секретаријатот за европски прашања во соработка со Делегацијата на Европската Унија во Скопје, до првата недела од месец декември, да ги подготват индикаторите во рамки на Акцискиот план.
5. Се задолжуваат членовите на работната група за организирање на работниот состанок, да одржуваат состаноци на месечно ниво, со цел редовно следење на прогресот на реализација на предвидените активности во Акцискиот план.

## *АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ВРАБОТУВАЊЕ*

| Мерки /Активности | Индикатор | Временска рамка | Буџет во Евра | Носители | Кратко образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Информирање за можностите за стекнување на квалификации за работа. | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување | Информација за достапни програми за здобивање со одредени квалификации. |
| Изготвување на посебни програми за професионална преквалификација на Роми | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување | Поради неусогласеност помеѓу образовниот систем и потребите на пазарот на трудот,потребно да се спроведат специјализирани програмза преквалификација, со цел стекнување поголеми знаења и успешно партиципирање во пазарот на трудот. Истите ќе овозможат Ромите да се стекнат со сертификати кои ќе бидат признаени од работодавците. |
| 2. Креирање на Програми | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за труд | Потребно е да се |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| кои ќе предвидуваат афирмативни мерки за вработување на Роми во приватниот сектор. | | | | и социјална политика, Агенција за вработување на Република Македонија и општините | воспостави интегриран пристап од страна на Агенцијата за вработување со општините и приватниот сектор, во делот на изнаоѓање на модел за посредување и мотивирање на истите, со цел да се вработат Роми. |
| 3. Зголемување на правичната застапеност на Ромите во јавната администрација | | 10.2011 -09.2012 | | Секретаријат за спроведување на Охридскиот рамковен договор | До крајот на 2011 година, во рамките на К-5 Програмата за вработување на припадниците на заедниците преостанува да се реализираат уште 332 вработување, Да се осигура одреден процент од истите да се однесува на Ромите. |
| 3.1 Промовирање на афирмативни мерки за вработување во рамки на проектите финансирани од Владата на Република Македонија. | | 10.2011 -09.2012 | | Министерството за труд и социјална политика , Ромските инсформативни центри и Агенцијата за вработување на РМ | При доделување на грантови за вработување и самовработување да се афирмира вклучување на Роми во улога на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | имплементатори |
| 4. Креирање на дополнителни програми/мерки за вработување кои се однесуваат на Ромите (во сите постоечки програми , со фокус на Ромите) | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување на Република Македонија | МТСП има има една програма/ мерка која е посебна насочена за вработување на Ромите, и врз основа на истата, да се креираат повеќе такви програми каде што како целна група ќе се опфатат Ромите. |
| 5. Вклучување на Ромите бегалци во постоечките и идните мерки за вработување . | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика, Агенција за вработување на Република Македонија | Дополнување на постоечките и идните активности и мерки за вработување, со тоа што ќе бидат опфатени и Ромите бегалци во истите. |
| 6.Континуирано информирање на Ромите за постоечките мерки и активности за вработување. | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување на РМ | Изработка на промотивен материјал за информирање на постоечките мерки и активности за вработување, како и организирање на семинар за РИЦ и НВО за оспособување како навремено и точно информациите за |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | постоечките мерки и активности да ги проследат до ромското население |

***АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ДОМУВАЊЕ***

| Активност/ мерки | Идикатор | Временска рамка | Буџет во Евра | Носители | Кратко образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. измени и дополнување на Законот за легализација на дивоградби | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за транспорт и врски | Поради особено големиот процент на Роми кои немаат домкументи за сопственост за нивните живеалиште, а голем процент од нив не го искористија крајниот рок за аплицирање, има потреба да се продолжи рокот. Да се предвиди можност за продолжување на рокот за уште шест месеци. |
| 2. Континуирано | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за | Поради поголема |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| информирање на Ромите за процедурата за потребна документација за легализација кај ромската заедница. | | | | транспорт и врски, Управа за катастар, општините и Ромските Информативни Центри | информираност на ромската заедница околу процедурата за легализација на дивоградбите, постои потреба од организирање на работилници од страна на Министерство за транспорт и врски, Управа за катастар, општините и Ромските Информативни Центри. |
| 3. Ослободување од надоместоци за административни такси и надоместоци за добивање на потребните документи за легализација на дивоградби за социјално загрозените лица. | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за транспорт и врски и Министерство за труд и социјална политика | Поради финансиска неможност, социјално загрозените лица да ги подмират трошоците за лелегализација на своите живеалишта, има потреба истите лица да се ослободат од плаќање на административни такси и надоместоци. |
| 4. Легализација на дивите населби | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за транспорт и врски, | Креирање на механизам во рамки |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| населени со Роми и предвидување на истите во рамките на ДУП на општината во која припаѓаат | | | | општините | на законската регулатива со кој ќе се обезбеди легализација на дивите населби и изнаоѓање на решение за да бидат дел од ДУП на општината на која припаѓаат |
| 5. Соработка на централната и локалната власт при донесување на урбанистички решенија за Ромите со цел при нивно донесување да се земе во предвид да се спречи географската поделба на Ромите од останатото население. | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за транспорт и врски, општини | Имплементација на потпишаните Меморандуми за соработка помеѓу ЕЛС и Кабинетот на министерот без ресор |
| 6. Зголемување на буџетските средства за станбените проекти како и за комунално инфраструктурни проекти, наменети за ромската заедница за 2012 година | | 10.2011 -09.2012 | | Министертсво за транспорт и врски, Кабинет на министер без ресор Неждет Мустафа. | Голем процент на ромски населби во Македонија ја немаат потребната миниум инфраструктура, сеуште. Потребно е обезбедување на поголеми финансиски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | средства во рамки на Буџетот на Република Македонија, со зголемување на постојните 10% на 15% за станбените проекти како и двојно зголемување на средствата за комунално инфраструктурни проекти |
| 7. Отворање и развивање на мрежата на дневни центри за згрижување на бездомници | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за труд и социјалана политика | |
| 8.Изградба на станбени објекти за Ромите бегалци и внатрешно раселени лица | | 10.2011 – 09.2012 | | Министерство за транспорт и врски | Истото претставува предуслов за реализација на Проектот за поддршка на бегалците и внатрешно раселените лица кој е планиран во ИПА Националната програма за 2011 |

***АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОБРАЗОВАНИЕ***

| Мерки /Активности | Индикатор | Временска рамка | Буџет во Евра | Носители | Кратко образложение |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Намалување на бројот на ромски деца во одделенијата/училишта за деца со посебни потреби.<br>1.1. Изработка на Правилник за оценка на специфичните потреби на лицата со попреченост<br>1.2 Формирање на 4 регионални Комисии за издавање на наоди и мислења за вклучувањето на децата во специјални училишта и формирање второ-степена комисија која ќе врши увид на издадените наоди и мислења. | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за образование, општини,Министерство за здравство и Министерство за труд и социјлна политика | Како посебен проблем со кој се соочуваат ромските деца, претставува нивното сместување во специјалните училишта. Најчест пример на такви случаеви имаме при запишувањето на ромските деца во основните училишта, пред се поради недоволно познавање на македонскиот јазик. |
| 2. Ослободување од надоместоци за плаќање на дневен престој во | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика, општините и јавните | Со цел овозможување на ран детски развој, подобрување на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| јавните детски установи за социјално загрозените семејства заради овозможување на пристап во предучилишното образование. | | | | детски установи | социјалните вештини и совладување на македонскиот јазик, од особена важност е ослободување на плаќање надоместоци за социјално загрозените семејства. |
| 3. Вклучување на децата на Ромите бегалци во проектот „Инклузија на деца Роми во предучилишното образование" | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за труд и социјална политика | Постои голема потреба и децата на Ромите бегалци да ги уживаат истите права, со цел нивна интеграција, совладување на социјални вештини и овозможување на ран детски развој. |
| 4. Редовен мониторинг и евалуација на редовноста во предучилишно и основното образование | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за образование и наука и Локалната самоуправа и Министерството за труд и социјална политика | Во насока на следење на појавата на осипување на учениците |
| 6. Сместување на децата од улица во транзитните центри | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика и | Зголемениот број на децата на улица, има потреба од нивно сместување во нови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Министерство за внатрешни работи. | транзитни центри, во кое ќе им биде обезбедено дневна и ноќна заштита |
| 7. Промовирање на поголема практична примена на Прирачникот за не-дискриминација,. | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за образование и наука | Со цел да се подигне свеста на учениците за заеднички меѓуетнички соживот од особена потреба е Прирачникот за не-дискриминација да има поголема примена во основните и средните училишта. |
| 8.Развивање на мултуетнички наставни програми во училиштата со ученици Роми. | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за образование, Биро за развој на образование | За да се оневозможи сегерегација на ромските ученици |
| 9. Развивање на посебни програми за образование на возрасни лица. | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за образование, установи за доoформување на образование на возрасни | Реализација на конкретни активности во насока на дооформување на образованието на возрасни лица |
| 10, Распределбата на буџетот од централно на општинско ниво во насока на отворање на нови образовни установи | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за труд и социјлана политика и Министерство за образование и наука | Треба да биде направена според бројот на ученици (принципот „ Парите го следат детето“) наместо |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | фиксни износи поврзани со бројот на образовни установи |

## ***АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ЛИЦА БЕЗ ДОКУМЕНТИ И РОМИТЕ БЕГАЛЦИ***

| **Активност/ мерки** | **Индикатор** | **Временска рамка** | **Буџет во Евра** | **Носители** | **Кратко образложение** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Усвојувањеи имплементација на препораките дадени во 2010 година од страна на меѓуресорската група за лица без документи | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за правда и меѓуресорска работна група | |
| 2. Ослободување од плаќање на трошоци, казни за задоцнета регистрација и надоместоци за ДНК тестирање потребни за утврдување на идентитет. | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за правда, Министерство за труд и социјална политика и Македонската Академија на Науки и Уметности - МАНУ | |
| 3. Промоција на постоечките и идни | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за правда и меѓуресорска | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| проекти на соодветните државни институции во соработка со РИЦ и НВО. | | | | работна група | |
| 4. Утврдување на бројот на лица без лични документи | | 10.2011 -09.2012 | | Државен завод за статистика | Со цел полесен пристап за утврдување на лицата без документи, потребно е да се искористи пописот кој ќе оддржи 2011 година и воедно, државниот завод за статистика и РИЦ да работа заедно во делот на подигнување на свеста кај Ромите за важноста да бидат дел од пописот. |
| 5. Измени и дополнување на Законот за здравствено осигурување | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за здравство | Измените ќе бидат во насока на вклучување на Ромите бегалци во јавниот здравствен систем. |
| 6. Обезбедување на соодветни финансиски средства за домување на бегалците. | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за транспорт и врски | Со цел изнаоѓање на постојани решенија за домување на бегалците |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| 7. Потпишување и ратификување на конвенцијата на лица без дражавјанство. | | 10.2011 -09.2012 | | Министерство за надворешни работи, Министерство за внатрешни работи | |

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| **1. Назив на предлогот:**<br><br>Акциски план од одржаниот работен состанок за инклузија на Ромите и Ромите бегалци | **2. Министерство/орган на државна управа:**<br><br>Министер без ресор Неждет Мустафа<br><br>Министерство за труд и социјална политика |
| Владата на Република Македонија ја разгледа и **усвои** информацијата за акцискиот план од одржаниот работен состанок за инклузија на Ромите и Ромите бегалци | **3. Вид на предлог:**<br>Акциски план од одржаниот работен состанок за инклузија на Ромите и Ромите бегалци |
| **4. Контакт лице и звање:**<br><br>Неждет Мустафа, Министер без ресор | **5. Контакт тел./факс или е-пошта:**<br><br>Тел.02/3213-954<br>Фах.02/3212-483 |

**6. Активност:**
Акциски план од одржаниот работен состанок за инклузија на Ромите и Ромите бегалци

| **7. Вид на барање:** | | | |
|---|---|---|---|
| | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | ( ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување / намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми<br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

**8. Цел на барањето / предложената активност:**

**9. Врска со владината програма:**

| 10. **Фискални имнликации:** | **(илјадн денари)** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Тековна год.** | **Втора год.** | **Трета год.** | **Четврт а год.** |
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | Има | | | |
| В. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| С. Промена (разлнка) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услугн<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| D. Расположиви средтства од прелевање (од други активности или програми во органот)<br>Платн<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | |
| Е. Нето имликации на средствата на органот (Ц-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал | | | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Трансфери<br>Вкупно<br>F. Зголемување / намалување на приходите | | | | |
| G. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор: ____________________ | | | | |
| **11. Нето зголемување / намалување на бројот на вработени во врска со предлогот** | | | | |
| **12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 А до 11 Г)** | | | | |
| **13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или н надвир од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, дајте образложение.** | | | | |
| **14. Дата на завршување на проценката** | | | | |
| **15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење:** | | | | |
| **16. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии:** | | | | |
| **17. Измени побарани од Министерството за финансии:** | | | | |
| **18. Одговор на министерството-предлагач:** | | | | |
| **19. Одговор од Министерството за финансии:** | | | | |
| **20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог:** | | | | |

**21. Odobreno/Дата:**

____________________ /10/2011 ____________________ /10/2011 год.

Потпис на државен секретар или директор на орган — Ден / месец / год. — Потпис на Министер

Потпис на Министер

Прилог кон Информација

**Работна средба за инклузија на Ромите и Ромите бегалци**

**26ти јули , Скопје**

**Оперативни заклучоци**

**Вкрстени прашања и следење**

- Превземени беа значајни чекори во создавањето на институции , законска регулатива и стратегии со цел да се подобри социо-економската положба на Ромите, и подобро да се вклучат во доминантното општество.
- Како и да е, треба да се демонстрира посилна политичка посветеност со цел да се осигура дека стратегиите преминуваат во акции,особено со распределба на соодветни финансиски ресурси.
- За таа цел, дополнителни државни средства ќе бидат распределени за имплементацијата на постоечките стратегии и акциони планови.
- Имплементацијата на постоечките стратегии и акциони планови ќе се подобри со ефективно известување, мониторинг и механизми на евалуација.
- Моментално, механизмите занмониторинг и евалуација страдаат од отсуство на официјални податоци за Ромите. Со соработка меѓу сите релавантни државни институции предводени од Државниот завод за статистика треба да се основа систем за да се соберат официјални податоци. Пописот во 2011 ќе биде можност да се обезбедат сигурни и објективни податоци.
- Административните капацитети, координацијата и комуникацијата меѓу институциите кои се задолжени за политиките за Ромите треба да се подобрат. . Работата на Националното координативно тело и Советодавното тело треба да се активира.
- Потребни се повеќе ефективни информации и теренски кампањи за постоечките стратегии и акциони планови да ја подигнат свеста помеѓу Ромската заедница.
- Ромските информативни центри треба да одиграат клучна улога во информирањето на целната група за постоечките политики. Затоа нивниот статус на проект (вклучувајќи го и статусот на персоналот) треба да се замени со постојана позиција во јавната администрација и нивните човечки и финансиски капацитети треба да се зголемат.
- Проблемот на Ромите бегалци од 1999 треба да биде вклучен во општите дискусии и политиките насочени кон инклузија на Ромите.

- Со цел да се обезбеди соодветно следење на состанокот , секои шест месеци треба да се организираат координативни состаноци спојувајки ги сите релевантни чинители (авторитети , меѓународната заедница , НВО ). Така, напредувањето ќе може да се разгледа, и ќе може да им се пристапи на предизвиците и ќе се обезбеди континуирана евалуација на активностите за инклузија на Ромите. Државните институции одговорни за координација и имплементација на постоечките политики би требало да ги предводат овие координативни состаноци.
- Координативните состаноци исто така може да користат за координација на донаторските акции во врска со Ромите.

**<u>Вработување</u>**

- Директната врска меѓу вработувањето со  соодветно образование и квалификации треба да биде признаена, што ќе резултира со ставање на поголем акцент на развојот на човечкиот капитал. Само на овој начин обесправените групи ќе можат да стигнат до  вистинска и пристојна работа.
- Треба да се воспостави интегриран пристап вклучувајќи дијалог со општините и приватниот сектор.  Агенцијата за вработување е многу охрабрена да креира програми со приватниот сектор се со цел да ги мотивира компаниите да вработуваат Роми.
- Потребни се зајакнати напори за да се зголеми застапеноста на Ромите во јавната администрација врз основа на заслуги и квалификации. Покрај тоа, треба да се промовираат афирмативни мерки за вработување  во проектите финансирани т од владата. .
- Министерството за труд и социјална политика треба да елаборира повеќе активни мерки за вработување конкретно насочени кон  Ромите, како што во моментов постои само една таква мерка.
- Пристап до постоечките и идните активни  мерки за вработување исто така треба да се обезбеди и за Ромите бегалци.
- Постоечките активности за зголемување на вработливоста на Ромите треба да биде повеќе и подобро промовирани. Агенцијата за вработување треба да организира семинар за Ромските информативни центри и за невладините организации за да ги оспособи  точно да ја информираат Ромската заедница за постоечките политики.
- Министерството за труд и социјална политика треба да пронајде маханизми за легализација на неформални активности  за генерирање на приходи  во кои многу Роми се вклучени.

## Лични документи и Ромите бегалци

- Постои напорен проблем во врска со граѓанската евиденција. Треба итно да се усвојат и имплементираат измени во законската регулатива мерки за решавање на овој проблем. Препораките дадени во 2010 год. од страна на меѓуресорската работна група за лица без документи треба да бидат усвоени од страна на владата без одложувања и имплементирани до крајот на 2012 год.
- Со цел за лесен пристап до лични документи и граѓанска регистрација, трошоците и казните за задоцнета регистрација на родените треба да бидат поништени во текот на првите шест месеци од 2012 год. Надоместатоците за ДНК тестирање потребни за утврдување на идентитет треба да бидат укинати во истиот период на време.
- Сите постоечки и идни мерки треба да бидат соодветно промовирани од страна на соодветни државни институции во соработка со Ромските информативни центри и невладини организации.
- Официјални податоци за лица без лични документи треба да бидат утврдени и пописот во 2011 треба да се искористи за да ги обезбеди податоците. Државниот завод за статистика заедно со Ромските инфирмативни центри треба да ја подигнат свеста кај Ромите за важноста да бидат дел од пописот.
- Законот за здравствено осигурување треба да биде изменет, како што всушност беше првично планирано во пролетта 2011, да вклучи бегалци во јавниот здравствен систем.
- Треба итно да се направат напори за да се обезбедат адекватни финансиски средства за постојано решение во врска со домувањето на бегалците. Според поранешната владина одлука, Министерството за транспорт и врски треба да распредели јавен заем за изградба на станбени единици во рамките на проект финансиран од страна на УНХЦР.
- Одлуката да ја потпишат и ратификуваат Конвенцијата на ОН за намалување на бројот на лица без државјанство (1961) ќе биде донесена без одложување.

## Домување

- Законот за легализација на дивоградбите обезбедува основна алатка да го отвори патот за подобрување на условите за домување на многу ромски семејства . Крајниот рок за аплицирање ( 3ти септември 2011год. ) треба да биде продолжен уште шест месеци.
- Ромската заедница треба подобро да биде информирана за потребните процедури согласно Законот за легализација на дивоградбите. Управата за катастар и Ромските информативни центри треба да организираат работилници за да ја подигнат свеста на Ромската заедница.
- Административниот товар и надоместоците за добивање на потребни документи за легализација на нелегалните објекти треба да бидат укинати за социјално загрозените лица.

- Сегашната законска регулатива треба да биде изменета со цел да се воспостави механизам за легализација на дивите населби со којшто ќе се обезбеди нивно вклучување во општинските просторни планови.
- Во случај на дислокација на ромските населби, засегнатата популација треба да биде преместена само во урбаните средини.
- Централните и локалните власти ќе се вклучат во поредовен дијалог во врска со станбените и инфраструктурните проблеми со кои се соочуваат Ромите. Тие особено треба да соработуваат за развој на механизам со кој ќе се запре и спречи натамошната географска поделба на Ромите.
- Станбените и инфраструкурните проекти наменети за Ромската заедница треба да се здобијат со повисок приоритет во однос на буџетот.

## Образование

- Треба да се донесат сеопфатни мерки за намалување на бројот на Ромски дечиња во одделенија или училишта за деца со посебни потреби.
- Пристап до предучилишното образование е клучен елемент за интеграција преку образованието. Затоа надоместоците за предучилишното образование ке бидат укинати за социјално загрозените семејства.
- Децата на Ромите бегалци ќе бидат вклучени во проектот на Министерството за труд и социјална политика „ Инклузија на деца Роми во предучилишното образование“ .
- Министерството за образование и наука во соработка со општините треба да ги подобрат мониторингот и евалуацијата на редовноста во предучилишното и основното образование.
- Паралелно со Националната стратегија за ромите и релевантниот Акционен план за Декадата за имплементација на Ромите , треба да се имплементира проектот на ментори и педагошки асистенти. Решението да се овозможи нивно присуство во училишните установи, иако тие не се официјални членови на педагошкиот кадар треба да се најде брзо и пред крајот на учебната година 2011-2012.
- Проблемот поврзан со зголемувањето на бројот на децата на улица мора да се земе како клучен приоритет од страна на релевантните министерства. Ќе бидат изградени нови транзит центри, обезбедување на дневна и ноќна заштита. .
- Упатството за антидискриминација во образованието објавено од Министерството за образование и наука треба поинтензивно да се користи заедно со засилена мерки за десегрегација во училиштата.
- На новото средно училиште во Шуто Оризари кое што е во изградба ќе му бидат обезбедени мулти-етничкиот карактер и наставните програми.
- Распределбата на буџетот од централно на општинско ниво треба да биде направена според бројот на ученици ( принципот „ Парите го следат детето“) наместо фиксни износи поврзани со бројот на образовни установи.

- Ќе се развиваат проекти за образование на возрасни и Центарот за образование на возрасни ќе ги започне своите активности пред крајот на учебната година 2011-2012.